Врз основа на член 20 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр.199/2014, бр.44/2015), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 21 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на општина Василево бр. 04/03, 08/06 и 09/10) Советот на општина Василево на 20.03.2017 година ја донесе следната :

**ПРОГРАМА**

за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2017 година

Член 1

Во точка 2 . Планирани активности се додаваат една нова потточка 1.18 и гласи :

1.18 Изработка на измена и дополна на Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) за стопански комплекс за производно, дистрибутивно-откупен центар за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи на дел од КП бр.386 м.в „Гладно поле“, КО Градошорци, општина Василево.

Член 2

Во точка 3 Финансирање по бројката 1.17 се додава нова бројка 1.18 и гласи :

Средствата за активностите предвидени во точка 1.1; 1.2: 1.3; 1.4; 1.5 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево. Средствата за активностите предвидени во точка 1.6, 1.7, 1.8, 1.9, 1.10, 1.11, 1.12, 1.13, 1.14, 1.15,1.16, 1.17 и1.18 немаат финансиски импликации на Буџетот на општина Василево за 2017 година и истите ќе се обезбедат од физички лица.

Член 3

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Василево.

Бр.08-705/1
20.03.2017г.
Василево

Совет на општина Василево
Претседател,
Драги Митев с.р